З А П И С Н И К
од Сто четириесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 27 јануари 2026 година

Скопје, јануари 2026 година

З А П И С Н И К
**од Сто четириесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 27 јануари 2026 година**

Седницата започна во 12:35 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа д-р Беким Сали, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за европски прашања, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Азир Алиу, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Муамед Хоџа, министер за животна средина и просторно планирање, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади.

На седницата присуствуваа и м-р Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, м-р Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија и Даница Џонова, директор на Бирото за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права и Методија Ристовски, нотар.

Од седницата отсуствуваа членовите на Владата, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**- Усвојување на Записникот од 139-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 26 декември 2025 година**

**- Усвојување на Записникот од 141-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 јануари 2026 година**

**- Усвојување на Записникот од 144-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 јануари 2026 година**

**- Усвојување на Записникот од 145-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 јануари 2026 година**

1. Информација за Методологија за спогодбено раскинување на договори за концесија за МХЕЦ, со текст на Методологија

2. Годишен извештај за работата на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти (MKD-CIRT) за 2024 година, со Предлог - одлука

3. Предлог - одлуки за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на државни институции (разна стока)

4. Предлог - одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на судската полиција за 2026 година

5. Предлог - одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на судските службеници за 2026 година

6. Предлог - одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавнообвинителските службеници за 2026 година

7. Предлог - одлука за продажба на движни ствари (две патнички моторни возила на Основен суд - Штип)

8. Известување за преземените активности во врска со Одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 8 јануари 2026 година до 14 јануари 2026 година

9. Известување за преземените активности во врска со Одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 15 јануари 2026 година до 21 јануари 2026 година

10. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата за период од 8 јануари 2026 година до 14 јануари 2026 година

11. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата за период од 15 јануари 2026 година до 21 јануари 2026 година

12. Предлог на закон за органско земјоделско производство (*)

13. Информација во врска со Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Сокол“, Општина Прилеп

14. Информација во врска со Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - мермер на локалитетот „с.Вепрчани“, Општина Прилеп

15. Информација во врска со Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Рамнобор-Мариово“, Општина Прилеп

16. Информација во врска со Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – мермеризиран варовник на локалитетот „Краста-1“, Општина Гостивар

17. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – јаглен на локалитетот „Североисток Чукале“, Општина Кичево

18. Информација во врска со Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина–мермер на локалитетот „Белички рид“, с. Плетвар, Општина Прилеп, со дополнување

19. Информација во врска со Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - мермер на локалитетот „Скрка“, Општина Прилеп

20. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-метлични минерални суровини на локалитетот „Турско Рударе“, Општина Пробиштип, Општина Кочани и Општина Чешиново-Облешево

21. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - глина, лапор и песок на локалитетот „Три Цуцки”, Општина Градско

22. Предлог - одлука за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - мермер на локалитетот „Вепрчани - 1“ с.Вепрчани, Општина Прилеп на Друштвото за производство, трговија и услуги Балкан марбле индустриес ДООЕЛ експорт-импорт Скопје

23. Предлог - одлука за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина-мермеризиран варовник на локалитетот „Краста“, Општина Гостивар на Друштвото за градежништво, производство и инженеринг увоз-извоз Пелагонија АД Гостивар

24. Предлог - одлука за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Сивец“, Општина Прилеп, на Акционерското друштво Мермерен комбинат АД Прилеп

25. Предлог - одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – гнајсни шкрилци и кварц на Друштвото за трговија и услуги Алго неметали ДОО извоз-увоз Скопје на локалитетот „Големи Орљак“, Ѓердан Плочи кај с.Отошница, Општина Ранковце

26. Предлог - одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – варовник на Друштвото за производство, трговија, градежништво и услуги Прпарими-пат ДООЕЛ експорт - импорт с.Челопек, Брвеница на локалитетот „Краста“, с.Челопек, Општина Брвеница и Општина Желино

27. Предлог - одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - варовник на Друштвото за производство, трговија, услуги и инженеринг Јефута-инженеринг - Фуат и Јетон експорт-импорт ДОО Гостивар на локалитетот „Краста“, с.Вруток, Општина Гостивар

28. Предлог - одлука за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина - варовник на локалитетот „Вртекица“, с.Горно Количани, Општина Студеничани од Друштвото за производство, трговија и услуги Гамер ДОО увоз-извоз Скопје на Друштвото за производство, трговија и услуги Еуро-Марфам ДОО Скопје

29. Информација за утврдување на целите и придонесите за енергетска ефикасност на ниво на Република Северна Македонија, со Предлог - уредба

30. Предлог на закон за јавното обвинителство

31. Информација за правосилност на одлуките на Европскиот суд за човекови права во предметите Селмани и Салији (А.бр.52082/22) и Спасовски (А.бр.25377/19) против Република Северна Македонија, со прилог и Предлог - одлука

32. Информација за правосилност на пресудата на Европскиот суд за човекови права во предметите АД Осигурителна полиса - Скопје и други против Република Северна Македонија А. бр.62544/19 и 6430/20 и нејзиното извршување, со прилози

33. Информација за правосилност на пресудата на Европскиот суд за човекови права во предметите АД Осигурителна полиса - Скопје и други против Република Северна Македонија А. бр.62544/19 и 6430/20 и исплата по основ на истата во делот на постигнатите спогодби, со прилози

34. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот М.П и Н.Б.К против Северна Македонија А.бр.36730/23

35. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот Македонска банка АД Скопје – во ликвидација против Република Северна Македонија А.бр.822/22

36. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот Нуриш против Република Северна Македонија А.бр.31851/22

37. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот Рустем и Јашар против Република Северна Македонија А.бр.31859/23

38. Информација за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „BEL-SOF Exercise 26“, со Предлог-одлука

39. Предлог - одлука за давање на согласност на студиски програми на втор циклус на академски студии на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје
40. Предлог - одлука за давање на согласност на стручна студиска програма на втор циклус на специјалистички стручни студии на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје

41. Предлог - одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Dynamic Front 26“, во Романија

42. Предлог - одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Cyber Unity 26“, во Големото Војводство Луксембург

43. Предлог - одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „STEADFAST DART 26“ во Хановер, Република Германија

44. Барање на Олег Приходко, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, по член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија

45. Предлог - уредба за дополнување на Уредбата за утврдување на формула за утврдување на каталошката вредност на учебникот

46. Предлог - програма за изградба и реконструкција/санација на спортски објекти за 2026 година

47. Информација за формирање на Национален комитет на високо ниво, Работна група на техничко ниво и именување на национален координатор и заменик на националниот координатор за имплементација на Европската гаранција за деца (2026–2030)

48. Информација за потребата од обезбедување на финансиски средства со цел преземање активности за санација на кров/тераса во објектот во кој е сместено Министерството за образование и наука

49. Информација за формирање на Меѓуресорска работна група за изработка на Национална стратегија за развој на спортот за периодот 2026-2030, со Предлог - одлука

50. Предлог - одлука за изменување на Одлуката за давање одобрение за основање на Приватно средно училиште „Средношколска академија за бизнис и администрација-САБА“ – Скопје

51. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Босилово

52. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Психијатриска болница „Скопје” – Скопје (патничко моторно возило)

53. Предлог - одлука за изменување на Одлуката за формирање на Меѓуресорска група за креирање на миграционата политика на Република Северна Македонија

54. Извештај за работата на ректорот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола за периодот октомври 2024 - септември 2025 година, со Годишен завршен финансиски извештај на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола за 2024 година

55. Предлог - статут на Агенцијата за пошти

56. Понуда од нотар Ермира Мехмети од Скопје, за продажба на недвижен имот КП бр. 2718/2, викано место/улица „Населба“, запишан во Имотен лист бр. 101548, за КО Бутел, КП бр. 2718/1, викано место/улица „Лопушник“, запишан во Имотен лист бр. 102145 за КО Бутел и КП бр. 2721/8, викано место/улица „З. Мусиќ“, КП бр. 5492/7, КП бр. 5493/5, КП бр. 5494/2, КП бр. 5495/2, КП бр. 5496/2, КП бр. 5497/6, викано место/улица „Лозаро – Винар. Институт“, запишан во Имотен лист бр. 101267, за КО Бутел

57. Понуда од нотар Петар Митков од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.1457, за КО Ракотинци, на КП бр.2005/2, викано место/улица „Ливада“

58. Понуда од нотар Бахар Калем од Охрид, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.103561, за КО Охрид 4, на КП бр.3563, викано место/улица „Дебело Поле“

59. Понуда од нотар Љубинка Јаковлева од Кавадарци, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2038 за КО Глишиќ, на КП бр.1638/1, викано место/улица „Шишка“ и Имотен лист бр.2320 за КО Глишиќ, на КП бр.1638/1, викано место/улица „Шишка - 63“

60. Информација за степенот на реализација на користење на средствата за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти во областа на културата и туризмот за 2024 и 2025 година

61. Информација за реализираниот проект за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за лето 2025 година

62. Информација за план за реализација на мерката за дигитализација на личните документи и личен дигитален паричник

63. Конечен извештај за извршена ревизија на усогласеност на тема „Јавна набавка за изведба на градежни работи на објектот на Национална установа Турски театар - Скопје за термотехнички инсталации, електротехнички инсталации, хидротехнички инсталации и дел градежни и градежно - занатски работи - трет пат“

64. Извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта за вториот квартал од 2025 година

65. Кадровски прашања

66. Прашања и предлози

67. Информација за изградба на енергетски објекти за производство на електрична и топлинска енергија и складирање на електрична енергија за 2026 година, со Годишен план
68. Предлог - одлука за продажба на движна ствар (моторно возило на Акционерско друштво за аеродромски услуги „Аеродроми на Северна Македонија“ во државна сопственост – Скопје)

69. Информација во врска со донесување на Стратегија за геолошки истражувања, одржливо искористување и експлоатација на минералните суровини на Република Северна Македонија за период од 20 години, со прилози и со Предлог-стратегија

70. Информација за спроведување на постапката за исплатата на финансиска поддршка кон деловните субјекти во 2025 година, согласно Законот за финансиска поддршка на инвестициите

71. Информација во врска со склучување на меморандум за соработка за дигитално поврзување помеѓу Владата и Управниот суд, согласно Планот за дигитално поврзување на Управниот суд со јавните органи, Вишиот управен суд и правните и физичките лица преку софтверска платформа - ЕПУС, со усогласен текст на Меморандум

72. Предлог – одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија ц.о. – Скопје за 2026 година

73. Информација за изработката на Извештајот за состојбата со заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот Регион и напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство (47 COM 7B.54), со прилози и Предлог – извештај

74. Предлог - лиценца за приредување на игри на среќа во автомат - клуб на Друштвото за трговија и услуги „Про-бетинг“ ДОО увоз-извоз Скопје за деловната просторија во Подружница Вегас 32 Скопје на ул. „Народни херои“ бр.1/1-01 Скопје - Кисела Вода

75. Информација за престанок на правна важност на Упатството за спроведување инспекциски надзор, со Предлог - упатство

76. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство, за јавна набавка на лекови за ретки болести за периодот мај 2026 - декември 2028 година, за потребите на населението на Република Северна Македонија

77. Предлог - одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за здравство

78. Предлог - одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година (Министерство за транспорт)

79. Предлог - програма за превенција на кардиоваскуларни болести (КВБ) во Република Северна Македонија за 2026 година

80. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на медицинска опрема и вработување на кадар за потребите на формирање на новиот ургентен интернистички центар во рамките на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за токсикологија – Скопје

*

*　　*

Владата без забелешки го усвои Записникот од Сто триесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 26 декември 2025 година, Записникот од Сто

четириесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 јануари 2026 година, Записникот од Сто четириесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 јануари 2026 година и Записникот од Сто четириесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 јануари 2026 година.

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за Методологија за спогодбено раскинување на договори за концесија за МХЕЦ, со текст на Методологија и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја усвои Методологијата за спогодбено раскинување на договори за концесија за МХЕЦ.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена да формира меѓуресорска комисија која ќе одлучува по доставените барања за спогодбено раскинување на склучените договори за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мали хидроелектрични централи лоцирани во национални паркови, со претставници од Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт, Министерството за економија и труд и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

3. Се задолжуваат Министерството за транспорт, Министерството за економија и труд и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да доставаат номинации за претставници во Меѓуресорската комисија во рок од осум дена до Министерството за животна средина и просторно планирање.

4. Се задолжува Меѓуресорската комисија да постапува по Методологијата за спогодбено раскинување на договори за концесија за МХЕЦ при одлучување по доставените барања за спогодбено раскинување на склучените договори за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мали хидроелектрични централи лоцирани во национални паркови.

**Точка 2**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти (MKD-CIRT) за 2024 година, со Предлог-одлука и по истиот ја донесе Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работа на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти за 2024 година.

**Точка 3**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Одлуката за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Општина Гевгелија.

2. Одлуката за давање согласност на Одлуката за отстапување на одземени предмети правосилни одлуки на Општина Радовиш.

3. Одлуката за давање согласност на Одлуката за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Црвен крст на Република Северна Македонија.

4. Одлуката за давање согласност на Одлуката за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа -Куманово.

5. Одлуката за давање согласност на Одлуката за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби - Скопје.

Истовремено, Владата ја задолжи Агенцијата за управување со одземен имот во рок од седум дена до Владата да достави Предлог - одлука за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на ОУРЦ „Д-р Златан Сремец" – Скопје (наместо Одлуката за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Општина Кисела Вода), која ќе биде донесена од Управниот одбор на Агенцијата, со Предлог-одлука за давање согласност на истата.

**Точка 4**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на судската полиција за 2026 година.

**Точка 5**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на судските службеници за 2026 година.

**Точка 6**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавнообвинителските службеници за 2026 година.

**Точка 7**

Владата ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари (две патнички моторни возила на Основен суд - Штип).

**Точка 8**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 8 јануари 2026 година до 14 јануари 2026 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 9**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 15 јануари 2026 година до 21 јануари 2026 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 10**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата за период од 8 јануари 2026 година до 14 јануари 2026 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 11**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата за период од 15 јануари 2026 година до 21 јануари 2026 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 12**

Владата го разгледа Предлогот на закон за органско земјоделско производство (*) и го утврди со следните заклучоци:

1. Предлагачот текстот на Предлогот на закон да го усогласи со Министерството за финансии.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за органско земјоделско производство (*), согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Албрим Хоџа, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Борче Серафимовски, државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Васе Бошкова, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Сокол“, Општина Прилеп, ја усвои и го задолжи Министерството за транспорт – Сектор за патен сообраќај и инфраструктура во рок од три дена до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да достави соодветно мислење во однос на Иницијативата за започнување

на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Сокол“, Општина Прилеп.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - мермер на локалитетот „с.Вепрчани“, Општина Прилеп, ја усвои и го задолжи Министерството за транспорт - Сектор за патен сообраќај и инфраструктура, во рок од три дена, до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да достави соодветно мислење во однос на Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - мермер на локалитетот „с.Вепрчани“, Општина Прилеп.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот ,,Рамнобор-Мариово“, Општина Прилеп, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за транспорт – Сектор за патен сообраќај и инфраструктура во рок од три дена до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да достави соодветно мислење во однос на Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - мермер на локалитетот „Рамнобор-Мариово“, Општина Прилеп.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – мермеризиран варовник на локалитетот ,,Краста-1“, Општина Гостивар, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за транспорт – Сектор за патен сообраќај и инфраструктура, во рок од три дена, до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да достави соодветно мислење во однос на Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – мермеризиран варовник на локалитетот ,,Краста-1“, Општина Гостивар.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за култура и туризам - Управа за заштита на културното наследство.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – јаглен на локалитетот „Североисток Чукале“, Општина Кичево, ја усвои Информацијата и даде согласност на поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - јаглен на локалитетот „Североисток Чукале“, Општина Кичево.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина–мермер на локалитетот „Белички Рид“, с. Плетвар, Општина Прилеп, со дополнување и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство-Сектор за регистрирање, управување, унапредување и продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост, во рок од три дена, до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да достави соодветно мислење во однос на Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина–мермер на локалитетот „Белички Рид“, с. Плетвар, Општина Прилеп.

2. Се задолжува Министерството за транспорт–Сектор за патен сообраќај и инфраструктура, во рок од три дена, до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да достави соодветно мислење во однос на Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина–мермер на локалитетот „Белички Рид“, с. Плетвар, Општина Прилеп.

3. Се задолжува Министерството за култура и туризам–Управа за заштита на културното наследство, во рок од три дена, до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да достави соодветно мислење во однос на Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина–мермер на локалитетот „Белички Рид“, с. Плетвар, Општина Прилеп.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - мермер на локалитетот „Скрка“, Општина Прилеп и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање - Управа за животна средина - Сектор за води во рок од три дена до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да достави соодветно мислење во однос на Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - мермер на локалитетот „Скрка“, Општина Прилеп.

2. Се задолжува Министерството за култура и туризам - Управа за заштита на културното наследство во рок од три дена до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да достави соодветно мислење во однос на Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - мермер на локалитетот „Скрка“, Општина Прилеп.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - метални минерални суровини на локалитетот „Турско Рударе“, Општина Пробиштип, Општина Кочани и Општина Чешиново-Облешево (усогласена со Секретаријатот за законодавство) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство-Сектор за регистрирање, управување, унапредување и продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост, во рок од три дена, до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да достави соодветно мислење во однос на Иницијативата за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-метални минерални суровини на

локалитетот „Турско Рударе”, Општина Пробиштип, Општина Кочани и Општина Чешиново-Облешево.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање-Управа за животна средина-Сектор за води, во рок од три дена, до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да достави соодветно мислење во однос на Иницијативата за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-метлични минерални суровини на локалитетот „Турско Рударе”, Општина Пробиштип, Општина Кочани и Општина Чешиново-Облешево.

3. Се задолжува Министерството за транспорт-Сектор за патен сообраќај и инфраструктура, во рок од три дена, до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да достави соодветно мислење во однос на Иницијативата за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - метлични минерални суровини на локалитетот „Турско Рударе”, Општина Пробиштип, Општина Кочани и Општина Чешиново-Облешево.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - глина, лапор и песок на локалитетот „Три Цуцки”, Општина Градско и ја усвои со следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање – Управа за животна средина - Сектор за води во рок од три дена до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да достави соодветно мислење во однос на Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - глина, лапор и песок на локалитетот „Три Цуцки”, Општина Градско.

2. Се задолжува Министерството за транспорт - Сектор за патен сообраќај и инфраструктура во рок од три дена до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да достави соодветно мислење во однос на Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - глина, лапор и песок на локалитетот „Три Цуцки”, Општина Градско.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - мермер на локалитетот „Вепрчани - 1“, с.Вепрчани, Општина Прилеп на Друштвото за производство, трговија и услуги Балкан марбле индустриес ДООЕЛ експорт-импорт Скопје и ја донесе Одлуката за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - мермер на локалитетот „Вепрчани - 1“, с.Вепрчани, Општина Прилеп на Друштвото за производство, трговија и услуги Балкан марбле индустриес ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, доколку Министерството за финансии достави ново мислење, во врска со доспеаните даноци, придонеси и други јавни давачки на Друштвото.

**Точка 23**

Владата ја донесе Одлуката за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина-мермеризиран варовник на локалитетот „Краста“, Општина Гостивар на Друштвото за градежништво, производство и инженеринг увоз-извоз Пелагонија АД Гостивар.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Сивец“, Општина Прилеп, на Акционерското друштво Мермерен комбинат АД Прилеп и ја донесе Одлуката за проширување на Концесијата за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Сивец“, Општина Прилеп, на Акционерското друштво Мермерен комбинат АД Прилеп, доколку Министерството за финансии достави ново мислење, во врска со долгови по основ на доспеани даноци, придонеси и други јавни давачки на Друштвото.

*

*        *

Министерството за финансии-Управата за јавни приходи достави ново Мислење во кое е наведено дека согласно евиденцијата Акционерското друштво Мермерен комбинат АД Прилеп, има неплатени јавни давачки.

Согласно ова, Одлуката не е реализирана.

**Точка 25**

Владата ја донесе Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - гнајсни шкрилци и кварц на Друштвото за трговија и услуги Алго неметали ДОО извоз-увоз Скопје на локалитетот „Големи Орљак“, Ѓердан Плочи кај с.Отошница, Општина Ранковце.

**Точка 26**

Владата ја донесе Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – варовник на Друштвото за производство, трговија, градежништво и услуги Прпарими-пат ДООЕЛ експорт - импорт с.Челопек, Брвеница на локалитетот „Краста“, с.Челопек, Општина Брвеница и Општина Желино.

**Точка 27**

Владата ја донесе Одлуката за продолжување на Концесијата за експлоатација на минерална суровина – варовник на Друштвото за производство, трговија, услуги и инженеринг Јефута-инженеринг - Фуат и Јетон експорт-импорт ДОО Гостивар на локалитетот „Краста“, с.Вруток, Општина Гостивар.

**Точка 28**

Владата ја донесе Одлуката за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина – варовник на локалитетот „Вртекица“, с.Горно Количани, Општина Студеничани од Друштвото за производство, трговија и услуги Гамер ДОО увоз-извоз Скопје на Друштвото за производство, трговија и услуги Еуро-Марфам ДОО Скопје.

**Точка 29**

Владата повторно ја разгледа Информацијата за утврдување на целите и придонесите за енергетска ефикасност на ниво на Република Северна Македонија, со Предлог-уредба, ја усвои

Информацијата и ја донесе Уредбата за утврдување на целите за енергетска ефикасност на ниво на Република Северна Македонија

**Точка 30**

Владата повторно го разгледа Предлогот на закон за јавното обвинителство и го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за правда да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за јавното обвинителство, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Игор Филков, министер за правда и м-р Ален Деребан, заменик на министерот за правда, а за повереници м-р Дајанчо Ефтимов, државен секретар во Министерството за правда, Никола Прокопенко, државен советник во Министерството за правда и Николина Микеска, раководител на сектор во Министерството за правда.

Истовремено, Владата согласно укажувањето од Министерството за финансии, заклучи сите министерства при подготовка на предлог на закони каде се определува користење на буџетски средства, да го користат терминот „реализирани даночни приходи", согласно последната донесена завршна сметка, наместо „вкупни приходи".

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на одлуките на Европскиот суд за човекови права во предметите Селмани и Салији (А.бр.52082/22) и Спасовски (А.бр. 25377/19) против Република Северна Македонија, со прилог и Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година (во износ од вкупно 10.450 евра, согласно табелата во прилог на Информацијата, кои треба да бидат исплатени по одлуките на Европскиот суд за човекови права во предметите Селмани и Салији (А.бр. 52082/22) и Спасовски (А.бр.25377/19) против Република Северна Македонија кои треба да бидат исплатени, најдоцна до 16 февруари 2026 година, со тоа што трошоците за исплата во странство треба да бидат дополнително покриени од Буџетот на Република Северна Македонија.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на пресудата на Европскиот суд за човекови права во предметите АД Осигурителна полиса - Скопје и други против Република Северна Македонија А. бр.62544/19 и 6430/20 и нејзиното извршување, со прилози и го задолжи Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, за седницата на Владата, што ќе се одржи на 17 февруари 2026 година (вторник), да ја извести Владата за инструментите кои се на располагање на државата во контекст на обврските за извршување на донесените пресуди на Европскиот суд за човекови права (како во предметот АД Осигурителна полиса - Скопје и други против Република Северна Македонија А.бр.62544/19 и 6430/20) со препораки за надминување на ова прашање.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на пресудата на Европскиот суд за човекови права во предметите АД Осигурителна полиса - Скопје и други против Република Северна Македонија А. бр.62544/19 и 6430/20 и исплата по основ на истата во делот на постигнатите спогодби, со прилози и го задолжи Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, за седницата на Владата, што ќе се одржи на 17 февруари 2026 година (вторник), да ја извести Владата за инструментите кои се на располагање на државата во контекст на обврските за извршување на донесените пресуди на Европскиот суд за човекови права (како во предметот АД Осигурителна полиса - Скопје и други против Република Северна Македонија А. бр.62544/19 и 6430/20) со препораки за надминување на ова прашање.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот М.П и Н.Б.К против Северна Македонија А.бр.36730/23 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за спогодбено решавање на предметот М.П и Н.Б.К против Северна Македонија А.бр.36730/23.

2. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметот да прифати дека државата, на апликантките од предметот М.П и Н.Б.К против Северна Македонија А.бр.36730/23, ќе им исплати вкупен износ од 9.800 евра (по 4.900 евра на двете апликантки) во денарска противвредност.

3. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во случај апликантките во предметот М.П и Н.Б.К против Северна Македонија А.бр.36730/23, да не ја прифатат понудата за спогодбено решавање на предметот, да изрази еднострана декларација пред Европскиот суд за човекови права, со која ќе ја признае повредата на Европската конвенција за човекови права и за целите на конечно решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права на апликантките да им понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметот.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот Македонска банка АД Скопје – во ликвидација против Република Северна Македонија А.бр.822/22 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за спогодбено решавање на предметот Македонска банка АД Скопје – во ликвидација против Република Северна Македонија А.бр.822/22.

2. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметот да прифати дека државата, на компанијата – апликант од предметот Македонска банка АД Скопје – во ликвидација против Република Северна Македонија А.бр.822/22, ќе и исплати вкупен износ од 2.350 евра во денарска противвредност.

3. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во случај компанијата – апликант од предметот Македонска банка АД Скопје – во ликвидација против Република Северна Македонија А.бр.822/22, да не ја прифати понудата за спогодбено решавање на предметот, да изрази еднострана декларација пред Европскиот суд за човекови права со која ќе ја признае повредата на Европската конвенција за човекови права и за целите на конечно решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права на компанијата – апликант да и понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметот.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот Нуриш против Северна Македонија А.бр.31851/22 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент во постапката пред Европскиот суд за човекови права, да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за спогодбено решавање на предметот Нуриш против Република Северна Македонија А.бр.31851/22.

2. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметот да прифати дека државата, на апликантката од предметот Нуриш против Северна Македонија А.бр.31851/22, ќе ѝ исплати вкупен износ од 6.750 евра во денарска противвредност.

3. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во случај апликантката во предметот Нуриш против Северна Македонија А.бр.31851/22, да не ја прифати понудата за спогодбено решавање на предметот, да изрази еднострана декларација пред Европскиот суд за човекови права, со која ќе ја признае повредата на Европската конвенција за човекови права и за целите на конечно решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права на апликантката да ѝ понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметот.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот Рустем и Јашар против Северна Македонија А.бр.31859/23 и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за спогодбено решавање на предметот Рустем и Јашар против Северна Македонија А.бр.31859/23.

2. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметот да прифати дека државата, на апликантите од предметот Рустем и Јашар против Северна Македонија А.бр.31859/23, ќе им исплати вкупен износ од 32.000 евра (по 16.000 евра на секој од двајцата апликанти) во денарска противвредност.

3. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во случај апликантите во предметот Рустем и Јашар против Северна Македонија А.бр.31859/23, да не ја прифатат понудата за спогодбено решавање на предметот, да изрази еднострана декларација пред Европскиот суд за човекови права со која ќе ја признае повредата на Европската конвенција за човекови права и за целите на конечно решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови

права на апликантите да им понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметот.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „BEL-SOF Exercise 26", со Предлог – одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „BEL-SOF Exercise 26".

2. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт, Министерството за финансии – Царинска управа и Националниот координативен центар за гранично управување, а се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, во координација со Министерството за одбрана да преземат мерки согласно своите надлежности утврдени со закон, за непречено преминување на државната граница и ослободување од процедури за движење и транспорт на персонал и материјално - технички средства, на странските вооружени сили на Кралството Белгија на територијата на Република Северна Македонија.

3. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт, Министерството за финансии – Царинска управа, а им се укажува на Националниот координативен центар за гранично управување и на Јавното претпријатие за државни патишта, да одредат по едно лице за координација со Министерството за одбрана, во врска со преземање на активностите за подготовка за изведување на вежбата „BEL-SOF Exercise 26" и за истото да го известат Министерството за одбрана, во рок од три дена.

**Точка 39**

Владата ја донесе Одлуката за давање на согласност на студиски програми на втор циклус на академски студии на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски" - Скопје.

**Точка 40**

Владата ја донесе Одлуката за давање на согласност на Стручна студиска програма на втор циклус на специјалистички стручни студии на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски" – Скопје.

**Точка 41**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Dynamic Front 26", во Романија (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 42**

Владата, на барање на предлагачот ја повлече од Дневен ред Предлог - одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Cyber Unity 26", во Големото Војводство Луксембург.

**Точка 43**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „STEADFAST DART 26“ во Хановер, Република Германија.

**Точка 44**

Владата го разгледа Барањето на Олег Приходко, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, по член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за спорт.

**Точка 45**

Владата ја донесе Уредбата за дополнување на Уредбата за утврдување на формула за утврдување на каталошката вредност на учебникот.

**Точка 46**

Владата ја донесе Програмата за изградба и реконструкција/санација на спортски објекти за 2026 година.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Национален комитет на високо ниво, Работна група на техничко ниво и именување на национален координатор и заменик на националниот координатор за имплементација на Европската гаранција за деца (2026–2030) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за образование и наука, Министерството за здравство, Министерството за финансии, Министерството за правда, Министерството за европски прашања, Државниот завод за статистика, а им се укажува на Народниот правобранител на Република Северна Македонија, Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија, Делегацијата на Европската Унија во Северна Македонија и УНИЦЕФ во Северна Македонија, во рок од пет дена, до Министерството за социјална политика, демографија и млади да назначат свои претставници за членови во Националниот комитет на високо ниво за Европската гаранција за деца.

2. Се задолжуваат Министерството за образование и наука, Министерството за здравство, Министерството за финансии, Министерството за правда, Министерството за европски прашања, Државниот завод за статистика, а им се укажува на Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија, Народниот правобранител на Република Северна Македонија, Делегацијата на Европската Унија во Северна Македонија и УНИЦЕФ во Северна Македонија, во рок од пет дена, до Министерството за социјална политика, демографија и млади да назначат свои претставници за членови во Работната група на техничко ниво за изработка на Акционен план за Европската гаранција за деца.

3. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади, во рок од 30 дена, да подготви и до Владата да достави Предлог-одлука за формирање на Национален комитет на високо ниво за Европската гаранција за деца.

4. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади, во рок од 30 дена, да подготви и до Владата да достави Предлог-одлука за формирање на Работна група на

техничко ниво, задолжена за подготовка на Национален акциски план за Европската гаранција за деца и за техничка поддршка на процесот.

5. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади, во рок од 30 дена, да подготви и до Владата да достави Предлог-решение за именување на национален координатор и заменик на националниот координатор за Европската гаранција за деца.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од обезбедување на финансиски средства со цел преземање активности за санација на кров/тераса во објектот во кој е сместено Министерството за образование и наука, ја усвои и ја задолжи Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да направи дефектажа на кровот во објектот во кој е сместено Министерството за образование и наука и за истото на наредната седница на Владата, да информира колку финансиски средства се потребни за поправка на истиот.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Меѓуресорска работна група за изработка на Национална стратегија за развој на спортот за периодот 2026-2030, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за формирање на Меѓуресорска работна група за изработка на национална стратегија за развој на спортот за периодот 2026-2030.

**Точка 50**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за давање одобрение за основање на Приватно средно училиште „Средношколска академија за бизнис и администрација-САБА“ - Скопје.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Босилово и условно ја донесе Одлуката, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на истата со Секретаријатот за законодавство и Министерство за финансии-Управата за имотно правни работи.

**Точка 52**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Психијатриска болница „Скопје” – Скопје (патничко моторно возило).

**Точка 53**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на Меѓуресорска група за креирање на миграционата политика на Република Северна Македонија.

**Точка 54**

Владата го разгледа Извештајот за работата на ректорот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола за периодот октомври 2024 – септември 2025 година, со Годишен завршен

финансиски извештај на Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола за 2024 година и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 99 став 1 од Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21, 58/24 и 124/25, ректорот е должен еднаш во годината до Сенатот, Универзитетскиот совет и основачот, да поднесува извештај за својата работа и за работата на универзитетот, во кој е содржан и финансиски извештај и истиот е изготвен согласно Правилникот за содржината и формата за работата на ректорот, бр. 1410-53 од 12.11.2021 година.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Владата на Република Северна Македонија од аспект на своите надлежности, Ве известува дека нема забелешки по однос на Извештајот за работата на ректорот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола за периодот октомври 2024 – септември 2025 година, со Годишен завршен финансиски извештај на Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола за 2024 година.

**Точка 55**

Владата го разгледа Предлог - статутот на Агенцијата за пошти и притоа го утврди следново мислење:

Членот 9 од Предлог - статутот, ќе треба да се преработи, во смисла да се допрецизираат законски утврдените надлежности на Агенцијата за пошти во член 9 од Законот, во спротивно истиот ќе треба да изостане како законска материја.

Ставот 2 на член 10 од Предлог - статутот, ќе треба соодветно да се преформулира со цел да се избегне неговата законска конотација.

Ставовите 3, 4, 5 и 6 на истиот член, ќе треба да изостанат, со оглед дека истите не се предмет на уредување на Статут, односно истите претставуваат законска материја утврдена во член 12 ставови (3), (4), (5) и (6) од Законот.

Ставовите 4, 5, 6, 7 и 8 на член 12 од Предлог - статутот, ќе треба да изостанат, со оглед дека истите претставуваат законска материја и се утврдени во член 14 ставови (3), (4), (5), (6), (7), (8), (9) и (10) од Законот.

Членот 13 од Предлог - статутот, ќе треба соодветно да се преработи, во смисла на уредување на други работи кои ги врши Комисијата, а не се уредени во Законот, во спротивно истиот ќе треба да изостане.

Член 14 став 6 ќе треба да изостане со оглед дека не е усогласен со член 15 став 5 алинеја (1) од Законот.

Член 15 од Предлог - статутот, ќе треба да изостане, со оглед дека истиот претставува законска материја уредена во член 17 од Законот.

Ставовите 2 и 4 на член 16 од Предлог - статутот, ќе треба да изостанат, со оглед дека истите се предмет на уредување на закон (член 18 став 2 од Законот).

Ставот 3 на истиот член, ќе треба соодветно да се преформулира со цел да се избегне неговата законска конотација.

Член 17 од Предлог - статутот, ќе треба да изостане, со оглед дека истото е предмет на уредување на закон (член 19 од Законот), согласно кој упатува на Статутот во однос на вршење на други работи, освен оние утврдени во Законот.

Членот 18 од Предлог - статутот, ќе треба да се преработи, во смисла на уредување на начинот на разрешување на директорот на Агенцијата, а ова согласно член 10 став (2) од Законот.

Членот 21 од Предлог - статутот, ќе треба да се дополни со одредба со која ќе се уреди начинот на донесување на општите и подзаконските акти на Агенцијата, а ова согласно член 10 став (2) од Законот.

Членот 23 од Предлог - статутот, ќе треба да изостане со оглед дека истото е предмет на уредување на закон (член 21 од Законот).

Ставовите 1 и 2 на член 24 од Предлог - статутот, ќе треба да се преформулираат со цел да се избегне нивната законска конотација.

Ставовите 1, 4 и 5 на член 25 од Предлог - статутот, ќе треба да се преформулираат со цел да се избегне нивната законска конотација, при тоа во ставовите 4 и 5 ќе треба да се допрецизира дека станува збор за изјава заверена на нотар или да се преформулира наместо изјава со договор да се уредат обврските на лицата кои се упатуваат на стручно оспособување.

Ставовите 3 и 6 на член 26 од Предлог - статутот, ќе треба да се преформулираат со цел да се избегне нивната законска конотација.

Ставовите 2 и 3 на член 29 од Предлог - статутот, ќе треба да изостанат, со оглед дека истите не се предмет на уредување на Статут, односно истите се уредуваат во закон и прописи од областа на заштитата на класифицираните информации.

Во ставот 1 на член 34 од Предлог - статутот, ќе треба да се допрецизира дека Статутот ќе се објави по доставување на согласност од Собранието на Република Северна Македонија , а ставот 2 од истиот член ќе треба да се оформи како нов член на Статутот, пред одредбите за влегување во сила на истиот.

Освен наведеното, се укажува на потребата од правно-техничко подобрување на текстот на истиот.

Во однос на членот 25 од Предлог - статутот на Агенцијата, со кој се регулира членовите на Комисијата, директорот и вработените во Агенцијата, да имаат право на постојано дооспособување, кое опфаќа: специјализација, постдипломски студии, докторат, учење на странски јазици и користење на ИТ - технологија, се укажува дека е потребно да се избрише, имајќи предвид дека овие одредби предизвикуваат фискални импликации, односно зголемување на надоместоците на давателите на поштенските услуги.

Врз основа на горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија по однос на Предлог - статутот на Агенцијата за пошти дава позитивно мислење со укажување.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ермира Мехмети од Скопје, за продажба на недвижен имот КП бр. 2718/2, викано место/улица „Населба“, запишан во Имотен лист бр. 101548, за КО Бутел, КП бр. 2718/1, викано место/улица „Лопушник“, запишан во Имотен лист бр. 102145 за КО Бутел и КП бр. 2721/8, викано место/улица „З. Мусиќ“, КП бр. 5492/7, КП бр. 5493/5, КП бр.

5494/2, КП бр. 5495/2, КП бр. 5496/2, КП бр. 5497/6, викано место/улица „Лозаро – Винар. Институт“, запишан во Имотен лист бр. 101267, за КО Бутел и по Понудата ги усвои негативните мислења на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, како и Известувањето на Министерството за транспорт.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Петар Митков од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.1457, за КО Ракотинци, на КП бр.2005/2, викано место/улица „Ливада“ и по Понудата ги усвои негативното мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето од Министерството за транспорт.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Бахар Калем од Охрид, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.103561, за КО Охрид 4, на КП бр.3563, викано место/улица „Дебело Поле“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 59**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Љубинка Јаковлева од Кавадарци, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2038 за КО Глишиќ, на КП бр.1638/1, викано место/улица „Шишка“ и Имотен лист бр.2320 за КО Глишиќ, на КП бр.1638/1, викано место/улица „Шишка - 63“ и по Понудата, го усвои негативното Мислење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, како и Известувањето на Министерството за транспорт.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на реализација на користење на средствата за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти во областа на културата и туризмот за 2024 и 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Информацијата за реализираниот проект за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за лето 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 62**

Владата ја разгледа Информацијата за план за реализација на мерката за дигитализација на личните документи и личен дигитален паричник, како материјал за информирање.

**Точка 63**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на усогласеност на тема „Јавна набавка за изведба на градежни работи на објектот на Национална установа Турски театар -

Скопје за термотехнички инсталации, електротехнички инсталации, хидротехнички инсталации и дел градежни и градежно - занатски работи - трет пат“, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ја задолжи Националната установа Турски театар - Скопје во соработка со Министерството за култура и туризам да подготви акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Државниот завод за ревизија и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 64**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта за вториот квартал од 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 65**

1. Владата ја донесе Одлуката за избор на член на Надзорниот одбор на Акционерско друштво за аеродромски услуги „Аеродроми на Република Северна Македонија, со која ја избра Ангела Саздова-Донева за член на Надзорниот одбор на Акционерско друштво за аеродромски услуги „Аеродроми на Република Северна Македонија.

2. Владата го именува Сунај Рамадани за вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за локална самоуправа, орган во состав на Министерството за локална самоуправа и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата на Меџит Јусуфи, на кој му престана функцијата член на Инспекцискиот совет од област земјоделство, шумарство, ветеринарство и безбедност на храна, му утврди право да остварува плата по престанување на функцијата за време од 12 месеци, сметано од 3.10.2025 година до 2.10.2026 година, кое право ќе го остварува во Министерството за јавна администрација.

4. Владата на Ресул Шемо на кој му престана функцијата член на Инспекцискиот совет од областа градежништво, урбанизам, комунални работи и транспорт му утврди право да остварува плата по престанување на функцијата за време од 12 месеци, сметано од 1.1.2026 година до 31.12.2026 година, кое право ќе го остварува во Министерството за јавна администрација.

5. Владата на Влатко Серафимов на кој му престана функцијата член на Инспекцискиот совет од областа животна средина и заштита на здравјето на луѓето му утврди право да остварува плата по престанување на функцијата за време подолго од 1 година, од денот на престанување на функцијата, сметано од 1.1.2026 година до 16.5.2027 година, кое право ќе го остварува во Министерството за јавна администрација.

6. Владата на Благоја Гешоски на кој му престана функцијата член на Инспекцискиот совет од областа управа му утврди право да остварува плата по престанување на функцијата за време од 12 месеци, сметано од 1.1.2026 година до 31.12.2026 година, кое право ќе го остварува во Министерството за јавна администрација.

7. Владата на Даниела Рендевска на која ѝ престана функцијата претседател на Инспекцискиот совет ѝ се утврдува право да остварува плата по престанување на функцијата за време од 12 месеци, сметано од 1.1.2026 година до 31.12.2026 година, кое право ќе го остварува во Министерството за јавна администрација.

8. Владата го разгледа Барањето од Стојан Славески бр. 18-11839/1 од 23.12.2025 г. за остварување на право на плата по престанување на функцијата, директор на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации и истото го одби како неосновано.

9. Владата на Мендо Брајановски, му утврди престанок на функцијата државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачје Битола, поради исполнување на услови за стекнување на правото за старосна пензија, заклучно со 27 февруари 2026 година.

10. Владата на Саша Станчевски, државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачје Скопје, а по доставена Изјава за продолжување на вршење на функцијата, донесе Решение за продолжување на функцијата државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачје Скопје, до навршување на 66 години возраст и му утврди да продолжи да ја врши функцијата државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачје Скопје по исполнување на условите за старосна пензија, за време од една година, до навршување на 66 години возраст, сметано од 12.5.2026 година, а заклучно со 11.5.2027 година.

11. Владата го разреши Марјан Пејовски од должноста член на Управниот одбор на ЈП Колекторски систем, на негово барање.

12. Владата го именува Евзаљ Елмази, за директор на Јавна установа Национален парк Шар Планина, Република Северна Македонија, досегашен вршител на должноста директор на установата.

13. Владата го именува Сашо Мишкоски, за член на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, предложен од министерот надлежен за работите од областа на финансиите.

14. Владата врз основа на член 158-ѓ став 3 од Законот за супервизија на осигурувањето заклучи да му предложи на Собранието на Република Северна Македонија за член на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување да го именува Маљсор Азири за непрофесионално ангажиран член на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување.

15. Владата го именува Шенаси Точи за вршител на должноста заменик - директор на Биро за развој на образованието, орган во состав на Министерството за образование и наука, досегашен вршител на должноста заменик - директор на Биро за развој на образованието и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

16. Владата ја именува Наташа Миладинова за член на Управниот одбор на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о.

17. Владата ја именува Симона Алексовска Ѓорѓиевска за член на Управниот одбор на ЈП за стопанисување со државни шуми Национални шуми П.О.Скопје.

18. Владата го именува Димитар Николовски за член на Управниот одбор на ЈП Национална радиодифузија - Скопје.

19. Владата, врз основа на член 364 од Законот за трговски друштва, во својство на Собрание на акционери на Акционерско друштво за аеродромски услуги „Аеродроми на Република Северна

Македонија“ во државна сопственост, ја констатира оставката на Ангела Нушева од должноста член на Надзорниот одбор на Акционерско друштво за аеродромски услуги „Аеродроми на Република Северна Македонија“ во државна сопственост.

20. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да распише јавен оглас во најмалку две јавни гласила од кои едно е на службен јазик различен од македонскиот јазик кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија, за именување на државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачје Битола.

21. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија на веб-страницата на Владата на Република Северна Македонија и на веб-страницата на јавното претпријатие, да објави Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на еден член на Управниот одбор на Јавното претпријатие Колекторски систем.

22. Владата донесе Решение за формирање на Комисија за селекција за избор на 1 (еден) член на Управниот одбор на Јавното претпријатие Колекторски систем, во следниот состав:

- Благоја Ташаминов - претседател
- Анета Стојановска - заменик-претседател

од редот на вработените во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.
- Марија Апостоловска Николовска - член
- Дејан Герасимовски - заменик-член

од Секторот за човечки ресурси во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија
- Надица Апостоловска - член
- Даниела Ѓоргиевска Костадиновска - заменик-член

од редот на вработените во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија
- Шиќири Коруми - член
- Љупчо Камчев - заменик-член

од редот на вработените во Јавното претпријатие Колекторски систем
- Христијан Ристески - член
- Владо Пипиле - заменик-член.

**Точка 66**

1. Владата во врска со заклучоците од Информацијата за состојбата со заштитата на „Природното и културното наследство на Охридскиот Регион“ и обврските на Република Северна Македонија по донесената Одлука 47 COM 7B.54 на Комитетот за светско наследство на УНЕСКО (јули 2025 година, Париз, Франција) од Нацрт – записникот од Сто триесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 декември 2025 година, точка 70, го задолжи Министерството за култура и туризам, во рок од седум дена, да ја достави Физибилити студијата за Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за заштитена зона на крајбрежен појас на Охридското Езеро до Центарот за светско наследство на ревизија.

2. Владата ја разгледа Информацијата за формирање работна група за воспоставување на механизам за заштита од употребата на стратешки тужби против јавното учество (SLAPPs) и ја усвои со следните заклучоци:

1) Се формира Работна група за воспоставување на анти-SLAPP механизам (механизам создаден за заштита од т.н. „стратешки тужби против јавното учество“), со која ќе раководи Дајанчо Ефтимов, државен секретар во Министерството за правда, со следните членови:

1. Луке Галески, секретар за односи со јавност на претседателот на Владата на Република Северна Македонија;
2. Марија Митева, портпарол на Владата на Република Северна Македонија;
3. Венера Љатифи Азизи, портпарол на Владата на Република Северна Македонија;
4.Мишко Талевски, раководител на одделение во Министерството за дигитална трансформација;
5. Ирена Петкова, шеф на кабинет во Министерството за култура и туризам;
6. Александар Шопов, судија во Апелационен суд Скопје, на предлог на Академијата за судии и јавни обвинители
7. Марија Величковска, правен советник во Здружението на судиите на Република Северна Македонија;
8. Елвин Вели, претседател на Здружението на јавните обвинители на Република Северна Македонија;
9. Љупчо Кузмановски, адвокат од Скопје, на предлог на Адвокатската комора на Република Северна Македонија;
10. доц. д-р Елена Мујоска Трпевска, виш научен соработник од Центарот за стратегиски истражувања „Ксенте Богоев“ при МАНУ;
11. Драган Секуловски, извршен директор на Здружение на новинари на Македонија (ЗНМ);
12. Симона Младеновска, офицерка за политики и застапување-Balkan Civil Society Development Network (BCSDN);
13. Жарко Алексов, потпретседател на Извршен одбор на Центарот за правни истражувања и анализи (CPIA);
14. Светлана Црвенковска, проектен координатор во Македонското здружение на млади правници (MYLA) и
15. Ана Фуна, претставник на Програмската канцеларија на Советот на Европа во Скопје-Protecting Freedom of Expression and of the Media in North Macedonia (PRO-FREX) EU/CoE Horizontal Facility for the Western Balkans and Turkey III.

2) Се задолжува Работната група да ги анализира домашните практики, да ги анализира европските регулативи и препораки за употребата на стратешки тужби против јавното учество (SLAPPs), да предложи можни идни решенија во насока на изработка на Предлог- стратегија за заштита од употребата на стратешки тужби против јавното учество (SLAPPs), како и да разгледа можности за измени и/или дополнувања на законската регулатива, во насока на усогласување со европските стандарди, регионална анализа со мапирани закони кои може да се предмет на измена, вклучувајќи ја и Република Северна Македонија и за истото, во рок од шест месеци, да достави соодветен предлог до Владата.

3. Владата го разгледа Барањето од Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори и го донесе следниот заклучок:

- Се задолжуваат сите министерствата и другите органи на државната управа, кои немаат кадровски потенцијал, а од друга страна со цел да се спречи настанување на одредени штетни последици или склучување на штетни договори и заштита на правните интереси, во случај на потреба од правна помош (успешна реализација на договарањето на условите на ФИДИК

договорите и правна поддршка при имплементација на договори склучени согласно со FIDIC условите (ФИДИК договори) и меѓународна арбитража) веднаш да се обратат до Владата-Координативно тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори (преку електронска пошта на stojned.ivanoski@gs.gov.mk и filip.koroveshovski@mtc.gov.mk).

4. Владата, согласно задолжението од Сто четириесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 јануари 2026 година, по однос на точката 64 - „Прашања и предлози“, заклучи Секретаријатот за законодавство да се изземе од горенаведеното задолжение и ги задолжи Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување веднаш да доставaт/номинираат претставник во работната група со цел изготвување на Предлог на закон за управување со кризи, заштита и спасување.

Истовремено, се задолжува генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, на некоја од наредните седници на Владата, да ги информира членовите на Владата, за соработката што Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија ја има со UNDP за постапката и подготовката на Предлогот на закон за управување со кризи, заштита и спасување како дел од заедничките проекти.

**Точка 67**

Владата ја разгледа Информацијата за изградба на енергетски објекти за производство на електрична и топлинска енергија и складирање на електрична енергија за 2026 година, со Годишен план и ја усвои Информацијата, со следниве заклучоци:

1. Го донесе Годишниот план за изградба на енергетски објекти за производство на електрична и топлинска енергија и складирање на електрична енергија за 2026 година.

2. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини електронски да го објави Годишниот план за изградба на енергетски објекти за производство на електрична и топлинска енергија и складирање на електрична енергија за 2026 година на официјалната веб - страница.

*

*    *

Имајќи предвид дека по одржувањето на седницата на Владата, службите во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини имаат утврдено одредени технички грешки во Годишниот план, истите се коригирани и во „Службен весник на Република Северна Македонија“ е објавен најновиот текст на Годишниот план.

**Точка 68**

Владата ја донесе Одлуката за продажба на движна ствар (моторно возило на Акционерско друштво за аеродромски услуги „Аеродроми на Северна Македонија“ во државна сопственост – Скопје).

**Точка 69**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со донесување на Стратегија за геолошки истражувања, одржливо искористување и експлоатација на минералните суровини на

Република Северна Македонија за период од 20 години, со прилози и со Предлог-стратегија, ја усвои Информацијата и ја донесе Стратегијата за геолошки истражувања, одржливо искористување и експлоатација на минералните суровини на Република Северна Македонија за 2026-2046 година.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

**<u>Точка 70</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на постапката за исплатата на финансиска поддршка кон деловните субјекти во 2025 година согласно Законот за финансиска поддршка на инвестициите и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да изготви извештај за исплата на финансиска поддршка на корисниците кои имаат склучени Анекси кон договори за финансиска поддршка на инвестиции заклучно со 15 септември 2025 година (согласно последните законски измени), како и корисниците кои имаат склучени договори, а не се усогласени со измените на Законот и да го достави во Министерството за економија и труд, со цел Министерството да ја изврши исплатата на финансиската поддршка кон овие корисници.

2. Се задолжува Министерството за економија и труд, да изврши исплата на финансиската поддршка кон овие корисници, со оглед дека буџетските средства се предвидени во раздел 10001 – Министерство за економија и труд, програма Д – економски развој, потпрограма Д9 – Финансиска поддршка на инвестициите.

**<u>Точка 71</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување на меморандум за соработка за дигитално поврзување помеѓу Владата и Управниот суд, согласно Планот за дигитално поврзување на Управниот суд со јавните органи, Вишиот управен суд и правните и физичките лица преку софтверска платформа – ЕПУС, со усогласен текст на Меморандум, и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за соработка за дигитално поврзување помеѓу Владата и Управниот суд, согласно Планот за дигитално поврзување на Управниот суд со јавните органи, Вишиот управен суд и правните и физичките лица преку софтверска платформа – ЕПУС.

2. Се овластува Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, во рок од седум дена, во име на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Меморандумот за соработка за дигитално поврзување помеѓу Владата и Управниот суд, согласно Планот за дигитално поврзување на Управниот суд со јавните органи, Вишиот управен суд и правните и физичките лица преку софтверска платформа – ЕПУС.

**<u>Точка 72</u>**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија ц.о. – Скопје за 2026 година.

**Точка 73**

Владата ја разгледа Информацијата за изработката на Извештајот за состојбата со заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот Регион и напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство (47 COM 7B.54), со прилози и Предлог - извештај и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за изработката на Извештајот за состојбата со заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот Регион и напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство (47 COM 7B.54), со прилози.

2. Го усвои Извештајот за состојбата со заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот Регион и напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство (47 COM 7B.54).

3. Се задолжува Зоран Љутков, министер за култура и туризам, во својство на претседател на Националната комисија на УНЕСКО на Република Северна Македонија, во соработка со Министерството за туризам, култура и спорт на Република Албанија, да го достави Извештајот за состојбата со заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот Регион и напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство (47 COM 7B.54), најдоцна до 1 февруари 2026 година до Центарот за светско наследство на УНЕСКО.

**Точка 74**

Владата ја разгледа Предлог – лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат - клуб на Друштвото за трговија и услуги „Про-бетинг“ ДОО увоз-извоз Скопје за деловната просторија во Подружница Вегас 32 Скопје на ул. „Народни херои“ бр.1/1-01 Скопје-Кисела Вода и ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат - клуб.

**Точка 75**

Владата ја разгледа Информацијата за престанок на правна важност на Упатството за спроведување инспекциски надзор, со Предлог-упатство, ја усвои Информацијата и го донесе Упатството за престанување на важењето на Упатството за начинот на спроведување на инспекцискиот надзор (усогласено со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 76**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство, за јавна набавка на лекови за ретки болести за периодот мај 2026 - декември 2028 година, за потребите на населението на Република Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2026, 2027 и 2028 година на Министерството за здравство, за набавка на лекови за ретки болести за периодот мај 2026 - декември 2028 година, за потребите на населението на Република Северна Македонија, во вкупна вредност од 6.698.564.000,00 денари, со вклучен ДДВ, со следната динамика на плаќање:

2026 година --------- 1.080.636,000,00 денари;

2027 година --------- 2.700.000.000,00 денари;
2028 година --------- 2.917.928.000,00 денари.

2. Се задолжува Министерството за здравство за текот и прогресот на активностите во врска со ова прашање да ја информира Владата на секои дванаесет месеци, сѐ до конечна реализација на набавката.

**Точка 77**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за здравство и условно ја донесе Одлуката, доколку предлагачот комплетниот материјал го усогласи со Секретаријатот за законодавство и обезбеди позитивно мислење од Агенцијата за катастар за недвижности и Министерството за финансии.

**Точка 78**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година (Министерство за транспорт).

**Точка 79**

Владата ја донесе Програмата за превенција на кардиоваскуларни болести (КВБ) во Република Северна Македонија за 2026 година.

**Точка 80**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на медицинска опрема и вработување на кадар за потребите на формирање на новиот ургентен интернистички центар во рамките на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за токсикологија - Скопје, поради потребата истата да се разгледа во редовна владина постапка.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:15 часот.